# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 1** **Вторник, 8 Февруари 2022** **Демир Капија**

**1442 Демир Капија, ул. 11 Октомври бб тел/факс: (+389 43) 364 100, e-mail: opstinadk@yahoo.com**


## С О Д Р Ж И Н А


1. *Програма за одржување на јавната чистота на територијата на општина Демир Капија за 2022 година……………………………………………………………………………………………*
2. *Решение за давање согласност на Финансиски извештај на ЈКП "Бошава" Демир Капија за периодот од 01.01.2021 година до 30.09.2021 година…………………………………………………*
3. *Одлука за ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект на КП 650 КО Бистренци…………………………………………………………..*
4. *Одлука за ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект на КП 485 КО Корешница…………………………………………………………*
5. *Програма за работа на Советот на Општина Демир Капија за 2022 година…………………....*
6. *Програма за еднакви можности на Општина Демир Капија за 2022 година……………………..*
7. *Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година…………………………………………………………………...*
8. *Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија…………………………*
9. *Решение за одобрување на еднократна парична помош……………………………………………..*
10. *Решение за одобрување на еднократна парична помош……………………………………………..*
11. *Решение за одобрување на еднократна парична помош……………………………………………..*
12. *Решение за одобрување на финансиски средства на Црковен одбор на Црква "Св.Атанасие" с.Прждево……………………………………………………………………………………………………….*
13. *Решение за одобрување на финансиски средства на Црква "Успение на Пресвета Богородица" Демир Капија…………………………………………………………………………………...*
14. *Решение за неодобрување на еднократна парична помош…………………………………………...*
15. *Решение за одобрување на еднократна парична помош……………………………………………..*
16. *Решение за неодобрување на барања……………………………………………………………………..*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за одржување на јавната чистота на територијата на општина Демир Капија за 2022 година**

Се објавува Програма за одржување на јавната чистота на територијата на општина Демир Капија за 2022 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 07.02.2022 година.

Број 09 –141/1 Градоначалник на
08.02.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 12 став 1 од Законот за јавна чистота ("Службен весник на РМ" бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и "Службен весник на РСМ" бр.122/21), а согласно член 5 од Одлуката за јавна чистота на територијата на Општина Демир Капија бр.07-421/4 од 31.05.2011 година, Советот на Општина Демир Капија на IV-та седница одржана на ден 07.02.2022 година, ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ЗА 2022 година**

## I. <u>ВОВЕД</u>

Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Демир Капија за 2022 година ги дефинира обемот, динамиката, начинот на вршење на потребните активности и начинот на нивното финансирање.

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење (метење и миење) на јавно-прометни површини и отворени простори пред јавни објекти и е во зависност од:

- Густината на населението
- Фреквенција на луѓе и моторни возила
- Степен на нечистотија
- Инфраструктурни сообраќајни услови
- Делување на градежна оператива, која со своите возила се јавува како еден од најголемите загадувачи на јавните сообраќајни површини
- Социјалниот аспект на граѓаните
- Финансиската состојба на општината и
- Структурата и опременоста на ЈКП Бошава Демир Капија.

Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од следниве активности:

1. Обврски на ЈКП Бошава
   - Секојдневно метење на улици (ул.Маршал Тито, централното градско подрачје-плоштадот, делот од ул.11-ти Октомври позади салата и делот пред општинските канцеларии)
   - Метење на останатите улици во град Демир Капија
   - Периодично миење на улици (по потреба во зависност од загадувањето и нечистотијата)
   - Одржување на спомен обележја
   - Одржување на јавни површини во зимски услови
   - Одржување на градски пазар
   - Одржување на градски гробишта (уредување на просторот)
   - Одржување на урбана опрема (фонтани, клупи, играчи и др.)
   - Расчистување на диви депонии

2. Правни и физички лица
   - Отстранување на предмети и материјали оставени пред сопствените парцели
   - Расчистување на снег пред сопствените објекти како физички така и деловни простории.

Чистењето на јавните површини од снежни врнежи ќе се врши согласно Годишниот оперативен план за зимски услови на општина Демир Капија

Чистењето на јавните објекти, дворните површини, колективните и индивидуалните објекти покрај редовното ќе се врши и вонредно со организирање на акции двапати годишно и тоа во месец мај

и при крајот на месец октомври или почеток на ноември, со претходно известување. На овој начин се овозможува на лицата да ги исчистат своите подруми и дворни површини.

Чистењето на јавните површини после јавни манифестации, собири и други масовни собирања ќе се врши од страна на ЈКП Бошава по претходен договор со организаторите на истите.

**Поставување садови за отпад и обезбедување на јавни санитарни јазли**

За одржување на јавната чистота на јавните површини и отворени простори пред јавните објекти ќе се постават соодветни садови за фрлање на отпадоци.

Во централното подрачје ќе се одржуваат поставените канти со пепелници секојдневно, а доколку има потреба ќе бидат поставени и дополнителни канти .

## II. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

Програмата на општина Демир Капија за одржување на јавната чистота е насочена кон одржување на јавната чистота на јавно–прометните површини заради обезбедување на поквалитетни услови за работа и живеење на граѓаните и почиста животна средина во општината.

## III. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел на програмата е да се обезбеди редовно чистење (метење и миење) на јавно–прометните површини и отворените простори пред јавните објекти, како и чистење на снегот и мразот во зимски услови.

Со оваа Програма се утврдува:

- Територијата, распоредот и фреквенцијата за одржување (метење и миење) на јавно – прометните површини и отворените простори пред јавните објекти;
- Начините на вршење на работите за одржување на јавната чистота;
- Надзорот над спроведување на програмата и
- Начинот на финансирање

## IV. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Одржувањето на јавната чистота на територијата на Општина Демир Капија ќе ги опфати:

- Јавно–прометните

површини и отворените простори пред јавните објекти (улици, тротоари, плоштади, отворени површини, паркинг простори, мостови, автобуски стојалишта и такси станици, јавни санитарни јазли и пазари).

Одржувањето на јавната чистота во парковските површини и градското зеленило не е дел од оваа програма.

При спроведување на Програмата се изведуваат следните активности:

- Рачно метење на јавно – прометните површини
- Миење на јавно – прометните површини со цистерна
- Собирање на смет (подразбира отстранување на создадениот смет од одржувањето на јавната чистота на јавните површини и објектите и транспортирање до депонија)
- Рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови

## V. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за одржување на јавната чистота ќе ја изведува Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА од Демир Капија.

## VI. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

### VI.1 МЕТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

### А. МЕТЕЊЕ НА УЛИЦИ

Метењето на улиците прикажано во табелата подолу ќе се врши секој ден освен недела и тоа:

- Од 4.00 – 10.00 часот во летниот период
- Од 7.00 – 13.00 часот во зимскиот период

ЈПК "БОШАВА" Демир Капија е должно да ги празни корпите за отпадоци кои се поставени на овие јавно – прометни површини

| Улици | Опис | Површина ( $M^2$ ) |
|---|---|---|
| улица "Маршал Тито" | Од спојот со ул.„Првомајска" до спој со ул.„11-ти Октомври" (почеток на Плоштад-Пешачка зона) | 255 |
| улица "Маршал Тито" | Од спојот со ул.„11-ти Октомври" (крај на Плоштад-Пешачка зона) до „Стар мост" на река „Бошавица" | 762 |

| | | |
|---|---|---|
| улица "11-ти Октомври" | Од спој со ул.„Маршал Тито” (кај каналот) до првото вкрстување, паралелно со општинските простории до вкрстувањето со улицата паралелно со игралиштето вклучувајќи ја и оваа улица до повторно вкрстување со ул.„Маршал Тито”. | 2.500 |

Метењето на улиците прикажано во табелата подолу ќе се врши еднаш месечно и тоа:

- Од 4.00 – 10.00 часот во летниот период
- Од 7.00 – 13.00 часот во зимскиот период

ЈПК "БОШАВА" Демир Капија е должно да ги празни корпите за отпадоци кои се поставени на овие јавно – прометни површини.

| Улица | Опис | Површина ( $M^2$ ) |
|---|---|---|
| улица „Партизанска” | Од спојот со ул.„Маршал Тито” (кај Пунктот на „Македонија пат”) до спојот со ул.„Даме Груев” | 3.600 |
| улица „Првомајска” | Од вкрстувањето со ул.„Маршал Тито” (кај „Пиперaната”) до Црквата | 3.300 |

## Б. МЕТЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ

Постоечките обележани паркинг простори се во склоп на ул.„Маршал Тито” и тие се метат заедно со оваа улица.

Површините за метење се искажани заедно со површините на оваа улица.

## В. МЕТЕЊЕ НА ПЛОШТАДИ И МОСТОВИ

Метењето на плоштадот и мостовите прикажано во табелата подолу ќе се врши секој ден освен недела и тоа:

- Од 4.00 – 10.00 часот во летниот период
- Од 7.00 – 13.00 часот во зимскиот период

ЈПК "БОШАВА" Демир Капија е должно да ги празни корпите за отпадоци кои се поставени на овие јавно – прометни површини

| Плоштади и мостови | Опис | Површина ( $M^2$ ) |
|---|---|---|
| Централен плоштад „Маршал Тито” | Пешачка зона | 5.079 |
| Стар мост на река „Бошавица” | Пешачки тротоари и дел од коловоз | 340 |
| Нов мост на река „Бошавица” | Пешачки тротоари и дел од коловоз | 270 |

## Г. МЕТЕЊЕ НА ПАЗАРИ

Метењето на градскиот пазар се извршува во петок од 12.00 до 14.00 часот (ден пред пазарниот ден) и во сабота по завршувањето на пазарниот ден.

Финансирањето не е дел од оваа програма.

## Д. ЧИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКИ ГРОБИШТА

Чистењето и одржувањето на градските гробишта ќе се врши согласно Одлуката за управување и одржување на градските гробишта.

Генералното чистење на гробиштата ќе се врши една седмица пред верските празници Прочка, Велигден, Задушница, Божиќ и Голема Богородица.

Финансирањето не е дел од оваа програма.

## VI.2 МИЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

Миењето на јавните површини се извршува со автоцистерна во период од 1-ви април до 31-ви октомври од 22.00 - 06.00 часот.

Миењето на јавните површини прикажани во табелата подолу ќе се врши редовно еднаш месечно и по потреба.

| Улици | Опис | Површина ( $M^2$ ) |
|---|---|---|
| улица „Маршал Тито” | Од спојот со ул.„Првомајска” до спој со ул.„11-ти Октомври” (почеток на Плоштад-Пешачка зона) | 255 |
| улица „Маршал | Од спојот со ул.„11-ти Октомври” | 762 |

| | | |
|---|---|---|
| Тито” | (Крај на Плоштад-Пешачка зона) до „Стар мост” на река „Бошавица” | |
| улица „11-ти Октомври” | Од спој со ул.„Маршал Тито” (кај каналот) до првото вкрстување, паралелно со општинските простории до вкрстувањето со улицата паралелно со игралиштето вклучувајќи ја и оваа улица до повторно вкрстување со ул.„Маршал Тито”. | 2.500 |

| Улица | Опис | Површина ( $M^2$ ) |
|---|---|---|
| улица „Партизанска” | Од спојот со ул.„Маршал Тито” (кај Пунктот на „Македонија пат”) до спојот со ул.„Даме Груев” | 3.600 |
| улица „Првомајска” | Од вкрстувањето со ул.„Маршал Тито” (кај „Пиперaната”) до Црквата | 3.300 |

| Плоштади и мостови | Опис | Површина ( $M^2$ ) |
|---|---|---|
| Централен плоштад „Маршал Тито” | Пешачка зона | 5.079 |
| Стар мост на река „Бошавица” | Пешачки тротоари и дел од коловоз | 340 |
| Нов мост на река „Бошавица” | Пешачки тротоари и дел од коловоз | 270 |

## VI.3 РАЧНО ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГ И МРАЗ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

Во зимскиот период се задолжува ЈПК "БОШАВА" Демир Капија да врши рачно чистење на снег и мраз од јавно – прометните површини дадени во долната табела:

| Улици | Опис | Површина ( $M^2$ ) |
|---|---|---|
| улица „Маршал Тито” | Од спојот со ул.„Првомајска” до спој со ул.„11-ти Октомври” (Почеток на Плоштад-Пешачка зона) | 255 |
| улица „Маршал Тито” | Од спојот со ул.„11-ти Октомври” (Крај на Плоштад-Пешачка зона) до „Стар мост” на река „Бошавица” | 762 |
| улица „11 Октомври” | Од спој со ул.„Маршал Тито” (кај каналот) до првото вкрстување, паралелно со општинските простории до вкрстувањето со улицата паралелно со игралиштето вклучувајќи ја и оваа улица до повторно вкрстување со ул.„Маршал Тито”. | 2.500 |

| Плоштади и мостови | Опис | Површина ( $M^2$ ) |
|---|---|---|
| Централен плоштад „Маршал Тито” | Пешачка зона Пешачки патеки и пристапни приоди до објекти на Институции од јавен интерес | 1.270 |
| Стар мост на река „Бошавица” | Пешачки тротоари и дел од коловоз | 340 |
| Нов мост на река „Бошавица” | Пешачки тротоари и дел од коловоз | 270 |

## VI.4 ВОНРЕДНО ОДРЖУВАЊЕ

ЈПК "БОШАВА" е должна да постапува по издадените решенија од општинскиот комунален инспектор за чистење на диви депонии и јавни површини кои се надвор од Програмата, а кои се вонредно загадени.

ЈПК "БОШАВА" е должна да врши чистење на просторот веднаш по завршувањето на јавните манифестации кои ги организира општина Демир Капија.

Финансирањето е дел од оваа програма.

Ваквите дополнителни активности треба да се имаат во предвид при склучувањето на Договорот за вршење на услуги од редот на јавната чистота.

## VII. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

За годишно одржување на овие површини, во обем и фреквенција опишани во оваа програма, согласно Буџетот на Општина Демир Капија предвидени се 1.000.000,00 (еден милион) денари.

Активностите утврдени во оваа Програма ќе се финансираат од надоместокот за одржување на јавна чистота утврден со Одлука за утврдување на надоместоккот за одржување на јавната чистота бр.07-502/2 од 31.08.2009 година донесена од Советот на Општина Демир Капија и од Буџетот на општина Демир Капија
Секоја дополнителна измена на Програмата ќе влијае на висината на надоместокот за одржување на јавната чистота.

**VIII. НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Надзор над спроведување на оваа програма врши општинскиот комунален инспектор.

За извршените активности на терен, ЈПК "БОШАВА" се задолжува да доставува квартални (на секои три месеци) извештаи за извршена работа (извршена работа и потврдена од страна на општината) до Секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој, Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, а на крајот на годината и годишен извештај кој ќе биде доставен до Градоначалникот и Советот на општина Демир Капија.

**IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 87/3
07.02.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Финансиски извештај на ЈКП "Бошава" Демир Капија за периодот од 01.01.2021 година до 30.09.2021 година**

Се објавува Решение за давање согласност на Финансиски извештај на ЈКП "Бошава" Демир Капија за периодот од 01.01.2021 година до 30.09.2021 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 07.02.2022 година.

Број 09 –141/2
08.02.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/2002), и член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96; 9/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19), Советот на општина Демир Капија на IV–та седница одржана на ден 07.02.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Финансиски извештај на ЈКП "Бошава" Демир Капија за периодот од 01.01.2021 година до 30.09.2021 година**

1. Советот на општина Демир Капија дава СОГЛАСНОСТ на Финансиски извештај на Јавното претпријатие за комунални работи "Бошава" ц.о Демир Капија за периодот од 01.01.2021 година до 30.09.2021 година, бр.05-662/1, усвоен од Управниот одбор на ЈКП "Бошава" Демир Капија на седницата одржана на ден 16.12.2021 година.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 87/4
07.02.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на**

**бесправен објект на КП 650 КО Бистренци**

Се објавува Одлука за ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект на КП 650 КО Бистренци, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 07.02.2022 година.

Број 09 –141/3 Градоначалник на
08.02.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/2002), Советот на Општина Демир Капија на IV-та седница одржана на ден 07.02.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект на КП 650 КО Бистренци**

**Член 1**

Исламска верска заедница, како подносител на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект со намена В5-2 -џамија во с.Бистренци изградена на КП 650 КО Бистренци, заведено под бр.УП I 10-13 од 29.01.2018 година, се ослободува од обврската за плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправниот објект.

**Член 2**

Ослободувањето од обврската за плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправниот објект, се однесува на верски објект (зграда 1) кој се наоѓа на КП 650 КО Бистренци.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 87/5 Претседател на Совет на
07.02.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект на КП 485 КО Корешница**

Се објавува Одлука за ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект на КП 485 КО Корешница, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 07.02.2022 година.

Број 09 –141/4 Градоначалник на
08.02.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/2002), Советот на Општина Демир Капија на IV-та седница одржана на ден 07.02.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект на КП 485 КО Корешница**

**Член 1**

Македонска православна црква, како подносител на барањето за утврдување на правен статус на бесправни објекти со намена В5-1 -црква во с.Корешница изградени на КП 485 КО Корешница, заведено под бр.УП I 10-70 од 29.06.2018 година, се ослободува од обврската за плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправниот објект.

**Член 2**

Ослободувањето од обврската за плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправниот објект, се

однесува на верски објект (зграда 3 и 4) кои се наоѓаат на КП 485 КО Корешница.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 87/6
07.02.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за работа на Советот на Општина Демир Капија за 2022 година**

Се објавува Програма за работа на Советот на Општина Демир Капија за 2022 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 07.02.2022 година.

Број 09 –141/5
08.02.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ "бр. 05/02), а согласно член 132 од Деловникот на Советот на Општина Демир Капија („Службен гласник на Општина Демир Капија"бр.5/05), Советот на Општина Демир Капија, на 4-та седница одржана на 07.02.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на Општина Демир Капија за 2022 година**

**ВОВЕДЕН ДЕЛ**

Основа за донесување на програмата за работа на Советот е Законот за локалната самоуправа, Статутот и Деловникот за работа на Советот како и другите закони кои се однесуваат на функционирањето на локалната самоуправа, и со кои се утврдени надлежностите на единиците на локалната самоуправа

Основни цели на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Капија за 2022 година се:

- Програмирање на работата на Советот за тековната година;
- Реализација на надлежностите, што со закон се ставени во надлежност на Советот;
- Продлабочување на соработката со јавните служби основани од општината;
- Јавност и транспарентност во извршувањето на активностите за 2022 година.

Со Програмата се обезбедува и простор за нејзино проширување и дополнување од овластени предлагачи и други заинтересирани субјекти и поединци.

**АКТИВНОСТИ:**

**ПЕРИОД: ЈАНУАРИ- МАРТ**

• **Програма за работа на Советот на општина Демир Капија за 2022 година.**
Предлагач: Комисија за изработка на Програма за работа на Советот
Изготвувач: Сектор за нормативно-правни работи,човечки ресурси, јавни дејности и општи работи

• **Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Демир Капија за четвртиот квартал 2021 година**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања.
Разгледува:Комисијата за финансии и локален економски развој

• **Годишна сметка на Буџетот на Општина Демир Капија за 2021 година;**
• **Годишен Извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Капија за 2021 година.**
Предлагач: Градоначалник на општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања.
Разгледува: Комисијата за финансии и локален економски развој

• **Буџетски календар на општина Демир Капија за 2023 година.**
Предлагач: Градоначалник на општина Демир Капија

Изготвувач: Сектор за нормативно-правни работи,човечки ресурси, јавни дејности и општи работи
Разгледува: Комисијата за финансии и локален економски развој, Комисија за статут и прописи

**• Завршна сметка и Извештај за работата на ЈПК БОШАВА Демир Капија за 2021 година.**
Предлагач/ Изготвувач: ЈПК БОШАВА Демир Капија
Одобрува: Управен одбор на ЈПК БОШАВА Демир Капија
Разгледува: Комисијата за финансии и локален економски развој, Комисија за јавни дејности

**• Завршна сметка и Извештај за работата на ООУ ДИМЧЕ А.ГАБЕРОТ Демир Капија за 2021 година.**
Предлагач/ Изготвувач: ООУ ДИМЧЕ А. ГАБЕРОТ Демир Капија
Одобрува: Училишен одбор на ООУ ДИМЧЕ А. ГАБЕРОТ Демир Капија
Разгледува: Комисијата за јавни дејности, Комисија за финансии и локален економски развој

**• Завршна сметка и Извештај за работата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија за 2021 година.**
Предлагач/ Изготвувач: ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија
Одобрува: Управен одбор на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија
Разгледува: Комисијата за јавни дејности, Комисија за финансии и локален економски развој

**• Завршна сметка и Извештај за работата на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2021 година.**
Предлагач/ Изготвувач: ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија
Одобрува: Управен одбор на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија.
Разгледува: Комисија за јавни дејности, Комисија за финансии и локален економски развој

**• Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во Општина Демир Капија за 2022 година.**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој– Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина

**• Програма за заштита и благосостојба животните – третман на бездомни кучиња, односно на нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственик за 2022 година.**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој– Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина

**• Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во Општина Демир Капија за 2022 година;**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој

**• Програма за еднаквите можности на жените и мажите на Општина Демир Капија за 2022 година;**
Предлагач: Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите
Изготвувач: Сектор за нормативно-правни работи,човечки ресурси, јавни дејности и општи работи

**• Програма за активностите на Општина Демир Капија во обласна на социјалната заштита за 2022 година;**
Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за нормативно-правни работи,човечки ресурси, јавни дејности и општи работи
Разгледува: Комисија за јавни дејности

**• Програма за организирање на културната манифестација Свети Трифун 2022 година;**
Предлагач/организатор: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Одделение за локален економски развој
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

• **Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2021 година**

•**Годишен извештај за спроведување на Програмата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2021 година**

Предлагач/ Изготвувач: Центарот за развој на Вардарски плански регион

Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

**ПЕРИОД: АПРИЛ-ЈУНИ**

• **Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Демир Капија за првиот квартал 2022 година.**

Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија

Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

• **Извештај за работата на јавните служби за првото-тромесечие во 2022 година.**

Предлагач/ Изготвувач: јавното претпријатие / установа

Разгледува: Комисија за јавни дејности

**ПЕРИОД: ЈУЛИ – СЕПТЕМВРИ**

• **Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Демир Капија за вториот квартал 2022 година.**

Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија

Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

• **Годишен план за вработување на Општина Демир Капија за 2023 година**

Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија

Изготвувач: Сектор за нормативно-правни работи,човечки ресурси,јавни дејности и општи работи

Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

• **Годишен план за вработување на јавно претпријатие /установа за 2023 година**

Предлагач/ Изготвувач: јавно претпријатие/установа

Разгледува: Комисија за јавни дејности

• **Извештај за работата на јавните служби за второто-тромесечие во 2022 година**

Предлагач/ Изготвувач: јавно претпријатие/установа

Разгледува: Комисија за јавни дејности

• **Годишна Програма за работа на ООУ ДИМЧЕ А. ГАБЕРОТ Демир Капија за учебната 2022/2023 год.**

Предлагач: ООУ ДИМЧЕ А. ГАБЕРОТ Демир Капија

Одобрува: Училишен Одбор на училиштето

Разгледува: Комисија за јавни дејности

• **Годишна Програма за работа со финансиски план за финансирање на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2022/2023 година.**

Предлагач /Изготвувач: ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија

Одобрува: Управен Одбор на установата

Разгледува: Комисија за јавни дејности

• **Одлука за зголемување на деца во воспитни групи на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2022/2023 година.**

Предлагач /Изготвувач: ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија

Разгледува: Комисија за јавни дејности

**ПЕРИОД: ОКТОМВРИ – ДЕКЕМВРИ**

• **Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Демир Капија за третиот квартал 2022 година.**

Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија

Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

Разгледува: Комисијата за финансии и локален економски развој

• **Одлука за доделување на 7-мо Ноемвриски награди и признанија за 2022 година.**

Предлагач: Комисија за награди и признанија

Изготвувач: Сектор за норм.-правни работи,човечки ресурси, јавни дејности и општи работи

- **Буџет на Општина Демир Капија за 2023 година**
- **Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за 2023 година**

Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

- **Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во општина Демир Капија за 2022 година**

Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој – Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина

- **Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Демир Капија за 2023 година,**
- **Програма за изработка на урбанистички планови на Општина Демир Капија за 2023 година,**
- **Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Демир Капија за 2023 година,**
- **Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Капија за 2023 година.**
- **Програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Демир Капија за 2023 година.**
- **Програма за зимско одржување на улици и патишта во 2022/2023 година.**
- **Програма за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Демир Капија за 2023 година.**
- **Програма за управување со отпад на територијата на Општина Демир Капија за 2023 година.**
- **Програма за јавно зеленило за 2023 година.**

Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој– Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина

- **Програма за локален економски развој на Општина Демир Капија за 2023 година**

Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој- Одделение за локален економски развој и информатичка технологија
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

- **Програма за развој на туризмот во Општина Демир Капија за 2023 година**

Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој – Одделение за локален економски развој и информатичка технологија
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

- **Програма за енергетска ефикасност на Општина Демир Капија за 2023 година**

Предлагач: Градоначалник на Општина Демир Капија
Изготвувач: Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој – Одделение за локален економски развој и информатичка технологија
Разгледува: Комисија за финансии и локален економски развој

- **Годишна Програма за работа на ЈПК БОШАВА Демир Капија за 2023 година**

Изготвувач: ЈКП БОШАВА Демир Капија
Одобрува: Управен Одбор на претпријатието, Комисија за јавни дејности
Разгледува: Комисија за јавни дејности

- **Годишна Програма за работа на ОУ.Дом на култура МИРКА ГИНОВА Д. Капија за 2023 година**

Предлагач: ОУ на Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија, Комисија за јавни дејности
Изготвувач: ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија
Разгледува: Комисија за јавни дејности

**ЗАВРШЕН ДЕЛ**

Нормативниот дел од Програмата за работа на Советот на Општина Демир Капија ја регулира нормативната дејност на Советот во 2022 година, односно донесувањето на нормативните акти од негова страна и нивното усогласување со новите прописи што се донесени или ќе бидат донесени во текот на 2022 година.

За извршување на Програмата се задолжуваат изготвувачите, предлагачите и сите останати учесници да се придржуваат на роковите утврдени во истата.

Во текот на 2022 година Советот на Општина Демир Капија ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење.

Програмата за работа на Советот во текот на годината може да се дополнува со други содржини кои ќе произлезат од тековните активности на Општина Демир Капија и јавните служби основани од општината.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 87/7
07.02.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за еднакви можности на Општина Демир Капија за 2022 година**

Се објавува Програма за еднакви можности на Општина Демир Капија за 2022 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 07.02.2022 година.

Број 09 –141/6
08.02.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 14 став 1 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, пречистен текст ("Службен весник на РСМ" бр.6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и "Службен весник на РСМ" бр.53/21), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на 07.02.2022 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ЗА 2022 ГОДИНА**

**I. Вовед**

Програмата за еднакви можности на општина Демир Капија опфаќа активности од областа на родовата еднаквост и недискриминација, иницијативи и акции кои ќе водат кон унапредувањето на положбата на мажите и жените и заштитата од дискриминација. Концептот на еднакви можности на мажите и жените се уште претставува прашање што се проблематизира со оглед на фактот дека еднаквоста на жените според традиционалните сфакања подразбира "правото на жената да биде еднаква со мажот". Имено жените се уште се соочуваат со нееднаквости во однос на можностите за вработување, добивање плата, пристап до правото на здравје и неговото остварување, правото во бракот и семејството и.т.н.

Суштествен документ кој на сеопфатен начин ги регулира правата на жената и родовата еднаквост претставува Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жената. Основни принципи на оваа конвенција се: принципот на еднаквост, недискриминацијата и принципот на обврската на државата. Имено политиката на остварувањето на еднаквите можности на мажите и жените треба да овозможи еднакво учество, услови, статус и третман во остварување на правата во сите области на општественото живеење.

Со програмата е предвидено организирање на различни активности (реализација на конкретни мерки – основни и посебни), со цел да се промовира и унапреди родовата еднаквост, граѓаните да се информираат и едуцираат за своите права и за тоа како да реагираат доколку се дискриминирани по основ на пол и други основи и интегрирање на родовите прашања во политиките и финансиските инструменти во локалната заедница.

Со активностите предвидени во оваа Програма за еднакви можности граѓаните на Општина Демир Капија ќе имаат можност поконкретно да се запознаат со родовата рамноправност и недискриминација и да ги уживаат бенифитите од нивна примена.

Со цел континуирано подобрување на положбата на жената во сите сфери на општественото живеење и заштита и спречување од дискриминација на територијата на општина Демир Капија, Координаторот за еднакви можности на општината изготви Програма за еднакви можности како рамка преку која организирано и плански ќе се дејствува во насока на родовата рамноправност и дискриминација.

Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројни локални фактори, да превзема конкретни акции во корист на половата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирање и градење на реална локална заедница и општество во кои, еднаквоста ќе биде пракса. Ваквите нееднаквости се јавуваат како резултат на размислувањата, ставовите и убедувањата наметнати поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина, организацијата на општеството итн. Има толку многу области во кои може да се делува со востановување на нов пристап и правење на структурни промени.

Општина Демир Капија програмата ќе ја реализира во рамките на своите можности и расположливите средства во Буџетот на Општината за 2022 година за конкретните намени, во соработка со различни здруженија на граѓани, институции и организации, кои работат на полето на родовата еднаквост.

Програмата ќе се спроведува во текот на 2022 година.

Основните области, кон кои треба да бидат насочени активностите и да се интензивира работата во 2022 година, за воведување и подигнување на нивото на родова рамноправност се:

- Промоција на човекови права и принципи на недискриминација,
- Зајакнување и вклучување на жената во одлучувачките процеси во заедницата,
- Информирање и подигање на свеста за грижа на жената за сопственото здравје,
- Информираност за видовите и последиците од семејно насилство,
- Јакнење на капацитетите на општинската администрација за воведување на родов пристап во програмирањето (едукација на носителите на активностите) и
- Воведување на родово одговорно буџетирање.

## II. Цели што треба да се постигнат со имплементирање на оваа програма

Основни цели на активностите на општина Демир Капија во областа на родовата еднаквост предвидени со оваа програма се:

- Промоција на родовата еднаквост како суштинска вредност на општината како локална заедница, (преку спроведување на информативни кампањи и манифестации, информирање на жените за услугите и можностите кои ги нуди општина Демир Капија и преку редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност), зајакнување на институционалните капацитети на општина Демир Капија за вклучување на родов пристап во програмирањето и буџетирањето, (преку обуки на КЕМ и општинската администрација), развивање на интерни принципи, норми, постапки и механизми за координирано дејствување;
- Зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје. Постои потреба од поголема информираност за подобрување на здравствената заштита, поголема едукација за малигните заболувања на репродуктивните органи, за болестите кои се својствени на современите услови на живеење;
- Унапредување на заштита од насилство врз жени;
- Унапредување на механизмите за учество на жените во процесот на носење на одлуки во заедницата со посебен акцент на вклучување на маргинализираните жени;
- Поттикнување на можностите за економско јакнење на жените преку информирање за правата од работен однос и можностите за економска самостојност преку започнување со сопствен бизнис;

- Подигање на свеста кај населението за придобивките од здрава животна средина.

**Активности**

За остварување на целите на програмата во 2022 година, Општина Демир Капија ќе ги спроведе следните активности.

**Цел 1**
**Зајакнување на институционалните капацитети на општината и КЕМ за вклучување на родов пристап во програмирањето и буџетирањето**

**Мерки:**
Обука на советниците во советот на општина Демир Капија, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за интеграција на родов пристап во програмите и буџетот на општината и обука на администрацијата за родова анализа на програми и буџети.
Целта на оваа активност е да се зголеми свесноста и разбирањето на претставниците на општинската администрација за потребата и начините за вклучување на родова перспектива во процесот на планирање на програмите и проектите од областите кои спаѓаат во нивниот делокруг на работа.
Ќе се спроведе специјализирана обука за членовите на Комисијата со цел да се зајакнат нивните знаења и вештини за остварување на специфичните обврски од нивната надлежност. Обуката треба да се фокусира на процесите на планирање и одлучување во врска со интеграција на родовиот пристап во програмите и буџетот на општината преку примена на листи за проверка дали програмата е основана на родова анализа и има интегрирано родов пристап како и дали се издвоени соодветни средства за нејзина реализација што ќе овозможи подеднакво распределување и корист од јавните ресурси за мажите и жените во општината.

Неопходни услови за спроведување на обуката се:
- подготвени листи за проверка за воведен родов пристап во буџет и програми на општината,
- обезбедени услови за одржување на обуката.

**Цел 2**
**Зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје**

**Мерки:**

Подигнување на свеста за поголема и континуирана грижа за репродуктивнато здравје. Со цел да се подигне свеста кај жените за редовни гинеколошки прегледи, скрининг за рак на дојка, и сл. Во соработка со невладини организации ќе се спроведуваат активности за подигнување на свеста за негата на детето од најмалата возраст до тинејџерски години, а во соработка со матичните лекари и здравствените домови на подрачјето на општината ќе се организираат трибини, работилници и информативна кампања за редовни прегледи со цел рано откривање и превенција од малигни и други заболувања.

Подигнување на свеста за грижа за здравјето кај мажите.
Со цел да се подигне свеста кај мажите за редовни уролошки прегледи, скрининг за рак на простата и сл. во соработка со невладини организации ќе се спроведуваат активности за подигнување на свеста за негата и одржувањето на личното здравје.

**Цел 3**
**Унапредување на превенција и заштита од насилство врз жени**

**Мерки**:

Со цел унапредување на знаењето, но и препознавање на сите форми на семејно насилство, како и достапните мерки и механизми за превенција од, и заштита од семејно насилство, ќе се спроведат активности за едукација за семејно насилство преку организирање на трибини во Општина Демир Капија и месните заедници во соработка со граѓански организации. Во овие рамки освен едукативни трибини ќе бидат организирани дебати, советувања (презентација на опции и регулативи на граѓаните во однос на наведените теми и превентивни мерки за истите).
Со цел обезбедување на механизми за справување со последиците од семејното насилство и општествена

реинтеграција на жртвите од семејно насилство, општината во соработка со невладините организации и други заедници ќе поддржува и помага функционирање на терапевтска заедница која ќе дава психо-социјална поддршка на жртвите на семејно насилство.

**Цел 4**
**Унапредување на механизмите за рамноправно учество на обата пола во процесот на носење на одлуки во заедницата**

**Мерки**:

Со цел унапредување на механизмите за рамноправно учество на обата пола во процесот на носење на одлуки во заедницата, Комисијата за еднакви можности ќе ги распространи протоколите и листите за проверка за вклучување во одлучувањето на локално ниво од аспект на рамномерна застапеност на обата пола.
Со цел унапредување на механизмите за рамноправно учество на обата пола во процесот на носење на одлуки во заедницата ќе се организира јавна расправа, трибини и дискусии на тема од обласа на креирање на политики и мерки за поттикнување на пракса на рамноправна застапеност на мажите и жените на раководни позиции во јавни и приватни претпријатија.

**Цел 5**
**Поттикнување на можностите за економско јакнење на жените преку информирање за правата од работен однос и можностите за економска самостојност преку започнување со сопствен бизнис**

**Мерки**
Со цел унапредување на можностите за економско јакнење на жените преку информирање за правата од работен однос и можностите за економска самостојност преку започнување со сопствен бизнис ќе бидат организирани стручни предавања и трибини за информирање на мажите и жените за нивните права од работен однос и издавање на печатени материјали-брошури и флаери за правата на вработените.
Реализирање на активности за информирање за активните мерки на пазарот на труд за самовработување, формализирање на бизнис, субвенционирање и можните начини на кредитирање и финансиска поддршка за започнување со бизнис.

**Цел 6**
**Подигање на свеста кај населението за придобивките од здрава животна средина**

**Мерки**

Организирање на јавни дебати и едукативни работилници во градот и населените места од општината со сите заинтересирани субјекти за правилно управување и селектирање со отпадот.
Во соработка со советот на општина Демир Капија, советниците, вработените во општинската администрација и институциите на ниво на општина Демир Капија да се организираат еко акции за подигање на свеста кај населението за значењето на чистата животна средина.

## III. Финансиски план за имплементирање на Програмата

За спроведување на активностите предвидени со програмата, предвидени се следните финансиски средства:

| Р.бр | Активност | Мерки и активности | Рок и место на одржување | Носител на активностите | Предвидени с-ва во Буџетот на Општина Денир Капија |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Унапредување на механизмите за родовата еднаквост на локално ниво преку еднаква застапеност на обата пола во процесите на одлучување, политиката, едукација за креирање на родово одговорно буџетирање на локално ниво, | Подготовка на план за спроведување на едукација за кадрите од надлежните институции<br>•Избор место на одржување<br>•Техничка помош | Континуирано 2022 | КЕМ,координатор за еднакви можности, граѓански организации, општинска администрација,совет на Општина Демир Капија | 20.000,00 |
| 2. | Обука на администрацијата ,советниците за еднаквите можности и родовата рамноправност кои произлегуваат од Законот за еднакви можности и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во општина Демир Капија | Обука за администрацијата, советниците од Советот на Општина Демир Капија за еднакви можности и родова рамноправност и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во општина Демир Капија | септември–декември 2022 | Координатор за еднакви можности, експерти ангажирани од меѓународни и домашни организации за родова рамноправност | 20.000,00 |
| 3 | Едукација на вработените во локалните институции за навремено препознавање на формите на родово базирано насилство во општина Демир Капија | Спроведување на истражување утврдување на компетентноста за препознавање на родово базирано насилство на кадрите од надлежните институции во Демир Капија<br>•Подготовка на план за спроведување на едукација за кадрите од надлежните институции<br>•Избор место на одржување<br>•Техничка помош<br>•Спроведување на едукација /трибини, работилници/ | Континуирано 2022 | КЕМ<br>Општина<br>Демир Капија, НВО | работилница 10.000,00<br>Експерт 6.000,00<br>Техничка поддршка 4.000,00 |
| 4. | Зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје | Организирање на работилници и информативна кампања за редовни прегледи со цел рано откривање и превенција од малигни и други заболувања. | Ноември-декември 2022 | КЕМ во соработка со матични лекари, Медицинки центар и Директор на училиште | Изработка на флаери – 10.000.00 |
| 5. | Поттикнување на можностите за економско јакнење на жените преку | Изработка на план за информативни работилници<br>•Организирање на | | АВРМ<br>-Општина<br>Демир Капија<br>-КЕМ | 10.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | започнување со сопствен бизнис | трибини со претставници на АВРМ за нивно вклучување во информативните работилници<br>•Организирање и спроведување на информативните работилници (посебно за мерки за вработување, посебно за програми за дообразование, преквалификација и доквалификација)<br>•Организирање на информативни настани за медиуми и јавноста | | -НВО | |
| 6. | Подигање на свеста кај населението за придобивките од здрава животна средина и грижа за животната средина | Организирање на еко акции | Континуирано 2022 | КЕМ,координатор, ЈКП Бошава, образовни институции Инспекциски Служби | 10.000,00 |
| 7. | Унапредување на превенцијата и заштита од користење на алкохол, дрога и психотропни супстанци кај учениците и младите | Предавања од страна на стручни лица од областа | Октомври-Ноември 2022 | КЕМ, Здравствени институции Училишта, МВР, Граѓански Организации | 10.000,00 |
| | | | | Вкупно | **100.000,00** |

За реализација на целите на Програмата, Општина Демир Капија ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на раполагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво, вклучително и граѓански организации кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите.

## IV. МЕТОДИ НА РАБОТА

Основни методи кои ќе бидат користени во реализација на активностите се:

- **Работни средби** - Организирани за координација помеѓу КЕМ, Градоначалникот (општинската администрација) и другите партнери во реализација на активностите (експерти од одредени области, НВО-и, целни групи на граѓани и др.) кои ќе учествуваат во имплементацијата на активностите;
- **Дискусионо обучувачки методи** - ќе бидат користени во рамките на спроведување на обуките, предавањата, советувањата и сл. согласно активностите. Во формата на обуките, предавањата, советувањата и сл. ќе се користат современи образовни технологии, аудио визуелни и мултимедијални образовни продукти во зависност од новонастанатата ковид ситуација и функционирање во услови на епидемија.
- **Истражувачко аналитички методи -** ќе се користат при анализа на постигање на целите. Приоритетно ќе се применуваат методите на анализа, собирање, анализирање и систематизирање на информацијата (интервјуа и анкети со целните групи);
- **Информативно промотивни методи -** овој тип на метод ќе се користи при дистрибуцијата и презентирањето на рекламните и пропагандните материјали, организацијата на обуките, предавањата, советувањата и други потреби согласно содржината на активностите;
- **Правни методи** - ќе се користат при планирањето на програмско оперативните активности согласно

законските надлежности на општината.

- **Финансиско сметководствени методи** - ќе се користат во процесот на подготовка на буџетите за секоја активност поединечно, периодичните и финалните финансиски извештаи за реализација на активностите;

## V. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Демир Капија.

## VI. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Демир Капија ќе го следи текот и динамиката на спроведување на Програмата и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели.

До Советот на Општината, Градоначалникот и Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика од страна на координаторот за еднакви можности на жените и мажите ќе биде доставен годишен извештај за имплементација на активностите и реализацијата на целите, со тоа во делот на евалуацијата се вклучува и Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 87/8
07.02.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година**

Се објавува Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 07.02.2022 година.

Број 09 –141/7
08.02.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/02) и член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 07.02.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година**

Член 1

Со оваа програма се врши измена и дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година (Сл.гласник на Општина Демир Капија бр.13/2021)

Член 2

Во програмата за изработка на урбанистички планови во општина Демир Капија за 2022 година.

1. Во глава **IV. ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО** се додава нова точка 16 која гласи:

   16. Урбанистички план вон населено место со намена Г3 – производство на енергија од обновливи извори и Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани кои се поставуваат на земјиште, на КП бр. 934, КП бр. 935/2 , КП бр. 935/3 и

дел од КП бр.935/1, КО Бистренци, општина Демир Капија.

2. Во глава **V. ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ** точка 7 се брише, а на нејзино место се додава нова точка 7 која гласи:

7. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2–лесна фармацеврска индустрија и производство на храна, кондиторски производи, безалкохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и друго на КП 142/2, КП 149/2, КП 151, КП 152, КП 153, КП 154, КП 155, КП 156, КО Корешница, Општина Демир Капија.

Член 3

Програмата влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Демир Капија.

Број 08 – 87/9
07.02.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија**

Се објавува Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 07.02.2022 година.

Број 09 –141/8
08.02.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/2002) и член 114 став 13 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21), Советот на Општина Демир Капија на IV-та седница одржана на 07.02.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
За разрешување и именување на член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија

1. Од должноста член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија се **разрешува:**

претставник на основачот
- **Петар Јованов**

2. За член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија се **именува:**

претставник на основачот
**- Костадинка Велкова**

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 87/10
07.02.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 07.02.2022 година.

Број 09 –141/9<br>08.02.2022 година<br>Демир Капија

Градоначалник на<br>Општина Демир Капија,<br>Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-626/1 од 06.09.2021 година, Советот на Општина Демир Капија на IV-та седница одржана на ден 07.02.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **6.000,00 (шест илјади) денари** на лицето **ДАФЧО МИЛЕНКОВСКИ** од Демир Капија ул.Маршал Тито бр.8, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 210501664563408 на лицето Дафчо Миленковски од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 87/11<br>07.02.2022 година<br>Демир Капија

Претседател на Совет на<br>Општина Демир Капија,<br>Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 07.02.2022 година.

Број 09 –141/10<br>08.02.2022 година<br>Демир Капија

Градоначалник на<br>Општина Демир Капија,<br>Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-789/1 од 02.12.2021 година, Советот на Општина Демир Капија на IV-та седница одржана на ден 07.02.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **6.000,00 (шест илјади) денари** на лицето **ВАЛЕНТИНА МИТЕВА** од с.Бистренци, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 200002315885177 на лицето Валентина Митева од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 87/12
07.02.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 07.02.2022 година.

Број 09 –141/11
08.02.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-49/1 од 13.01.2022 година, Советот на Општина Демир Капија на IV-та седница одржана на ден 07.02.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **6.000,00 (шест илјади) денари** на лицето **СЛАЃАНА СМРЕКОВА** од Демир Капија ул.Првомајска бр.46, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 200001673621696 на лицето Слаѓана Смрекова од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 87/13
07.02.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на финансиски средства на Црковен одбор на Црква "Св.Атанасие" с.Прждево**

Се објавува Решение за одобрување на финансиски средства на Црковен одбор на Црква "Св.Атанасие" с.Прждево, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 07.02.2022 година.

Број 09 –141/12
08.02.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), постапувајќи по барањето на Црковниот Одбор на Црква “Св.Атанасие“ во село Прждево бр.08-51/1 од 14.01.2022 година, Советот на Општина Демир Капија на IV-та седница одржана на ден 07.02.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на финансиски средства на Црковен одбор на Црква “Св.Атанасие“ с.Прждево**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** финансиски средства во висина од **6.000,00 (шест илјади) денари** на Црковниот Одбор на Црква “Св.Атанасие“ во село Прждево, по повод

организирањето на верскиот празник “Св.Атанасие“ во село Прждево.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Демир Капија за 2022 година ставка 464 990.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавено во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 87/14
07.02.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на финансиски средства на Црква "Успение на Пресвета Богородица" Демир Капија**

Се објавува Решение за одобрување на финансиски средства на Црква "Успение на Пресвета Богородица" Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 07.02.2022 година.

Број 09 –141/13
08.02.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на IV-та седница одржана на ден 07.02.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на финансиски средства на Црква "Успение на Пресвета Богородица" Демир Капија**

**1.** Советот на Општина Демир Капија одобрува финансиски средства во висина од **30.000,00 денари** на црква "Успение на Пресвета Богородица" Демир Капија кои средства ќе бидат искористени за изградба на храм "Успение на Пресвета Богородица" - Демир Капија.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Демир Капија ставка 464 990, на сметка 200003894305455 со цел на дознака: за изградба на храм "Успение на Пресвета Богородица" - Демир Капија и истите наменски да се искористат.

**3.** Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 87/15
07.02.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за неодобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за неодобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 07.02.2022 година.

Број 09 –141/14
08.02.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 2 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-767/1 од 24.11.2021 година, Советот на Општина Демир Капија на IV-та седница одржана на ден 07.02.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За неодобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **НЕ ГО ОДОБРУВА** барањето на лицето Седат Муратов од с.Калково, Валандово за еднократна парична помош за елементарна непогода (пожар).

**2.** Според Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Демир Капија доделувањето на еднократна парична помош на физички лица се однесува на граѓани, жители на Општина Демир Капија.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 87/16
07.02.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 07.02.2022 година.

Број 09 –141/15
08.02.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-95/1 од 27.01.2022 година, Советот на Општина Демир Капија на IV-та седница одржана на ден 07.02.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **19.000,00 (деветнаесет илјади) денари** на лицето **АМДИ УСИНОВ** од с.Челевец, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 250030000291934 на лицето Амди Усинов од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 87/17
07.02.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за неодобрување на барања**

Се објавува Решение за неодобрување на барања, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 07.02.2022 година.

Број 09 –141/16
08.02.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), постапувајќи по барањата бр.08-

818/2 бр.08-818/3 и бр.08-818/4 од 15.12.2021 година, Советот на Општина Демир Капија на IV-та седница одржана на ден 07.02.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За неодобрување на барања**

**1.** Советот на општина Демир Капија не ги одобри барањата од ОУ Дом на култура Мирка Гинова Демир Капија за одобрување финансиски средства за фолклорна дејност, библиотечна дејност и драмска дејност.

**2.** Советот на општина Демир Капија ги разгледа барањата и од увидот во доставената документација констатира дека барањата не се комплетни.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 87/18
07.02.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.